КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр. 23/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд С 1 С, судија Виолета Арнаудовска Основен суд С 2 С и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-249 од 20.05.2014 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител Ј.Ѓ од С лично, по одржан претрес на ден 22.07.2014 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител Ј.Ѓ од С именувана за подрачјето на Основниот суд во С 1 С и Основниот суд С 2 С со адреса на ул. бр. С

ЗАТОА ШТО:

Извршителот Ј.Ѓ од С при вршењето на извршителската должност, примила барање за извршување заведено под И.6р.373/13 на извршна исправа Пресуда П.бр.3255/96 од 22.04.2003 година на Основен суд С 2 - С, од лица кои не се доверители според извршната исправа, по што превземала извршни дејствија односно изготвила Налог за извршување И.бр.373/13 од 01.11.2013 година, кој го доставила до ФОНД за ПИОМ на РМ, а откако по известување од должникот увидела дека подносителите на барањето не се доверители, го повлекла налогот и ги упатила подносителите да поведат оставинска постапка, и по прогласувањето на наследник на починатиот доверител од извршната исправа, го продолжила извршувањето под истиот И.бр.373/13 под кој примила барање од лица кои немаат утврдено право во извршната исправа односно не биле доверители и под истиот број изготвила нов налог за извршување И.бр.373/13 од 17.02.2014 година

**со кои дејствија** извршителот Ј.Ѓ од С постапувајќи по предмет И.бр. 373/13 постапил спротивно на член 2 став 3 од Законот за извршување, со што сторила дисциплинска повреда „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ од член 54 —д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 1500 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот Ј.Ѓ од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-249 од 20.05.2014 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот Ј.Ѓ од С врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-249 од 12.05.2014 година со увид во извршен предмет И.бр.373/13 во канцеларијата на извршителот. Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што примила барање за извршување заведено под И.бр.373/13 на извршна исправа Пресуда П.бр.3255/96 од 22.04.2003 година на Основен суд С 2 - С, од лица кои не се доверители според извршната исправа, по што превземала извршни дејствија односно изготвила Налог за извршување И.бр.373/13 од 01.11.2013 година, кој го доставила до ФОНД за ПИОМ на РМ, а откако по известување од должникот увидела дека подносителите на барањето не се доверители, го повлекла налогот и ги упатила подносителите да поведат оставинска постапка, и по прогласувањето на наследник на починатиот доверител од извршната исправа, го продолжила извршувањето под истиот И.бр.373/13 под кој примила барање од лица кои немаат утврдено право во извршната исправа односно не биле доверители и под истиот број изготвила нов налог за извршување И.бр.373/13 од 17.02.2014 година со што предлагачот смета дека извршителот постапил спротивно на член 2 став 3 од Законот за извршување. Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член од член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување, и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот Ј.Ѓ од С во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 05.06.2014 година како и дополнение од 25.06.2014 година наведе дека со превземањето на извршните дејствија во конкретниот предмет не е сторена повреда од причини што доверителите имајќи ги во предвид одредбите од ЗИ, ЗПП, ЗВП биле легитимни подносители на барањето за извршување бидејќи биле утврдени како

единствени наследници со оставинско решение. Па согласно одредбите од ЗВП дополнителните решенија за дополнително пронајден имот претставуваат нераскинлив и составен дел со основното претходно оставинско решение согласно што во моментот кога е поднесено барањето тие биле легитимни наследници и можеле да поднесат барање за извршување. Имено, извршителот во своја одбрана во дговор наведе дека примил уредно писмено барање за извршување на ден 31.10.2013 година, засновано на извршната исправа Пресуда II П.бр.3255/96 од 22.04.2003 на Основен суд С 2 С од легитимни доверители И, Д и С.Д сите од С како законски наследници на починатиот Б.Д од С, согласно Оставинско решение О.бр.2486/09 од 24.07.2009 год. на нотар З.П од С, против легитимни должници Б.Пи С.Под с.Тимјаник, Неготино, согласно Оставинско решение О.бр. 120/10 од 01.10.2010 год. на нотар З.Аод Неготино, како наследници на должникот. Според оставинското решение на доверителите тие биле прогласени како единствени законски наследници на починатото лице - доверител и согласно законот биле наведени како лица подносители на барањето за извршување, како легитимни доверители кои согласно член 11 од ЗИ се лица чие побарување се остварува, а во врска со член 74 од ЗПП, според кој извршителот внимава по службена должност, а што било во согласност и во врска со член 10 од ЗИ. Извршителот во своето постапување, не може да одбие барање за извршување поднесено од легитимни доверители и согласно член 27 став 2 од ЗИ е должен да постапува по примененото барање за извршување, како и согласно член 5 став 2 од истиот закон треба да постапува со должно внимание и заштита на правата и интересите на странките.

Извршителот наведе дека постапил во согласност со член 185 став 1 од ЗВП и ги упати наследниците на доверителот, а по повод поднесениот приговор на полномошникот на должникот, да го дополнат оставинското решение и за ова побарување кое оставителот го има од должникот, иако не е спорно дека наследниците имаат право истото да го наплатат како негови прогласени законски наследници со предходното оставинско решение кое е во нераскинлива врска со дополнителното решение, бидејќи членот 185 став 1 од ЗВП предвидува: „Ако по правосилноста на решението за наследување, дополнително се пронајде имот на оставителот, кој не бил познат кога е донесено решението за наследување, судот (нотарот) новопронајдениот имот на оставителот ќе го распредели со ново решение врз основа на порано донесеното решение“, односно овој член докажува дека решението за дополнително пронајден имот е во нераскинлива врска со предходно донесеното наследно решение согласно ЗВП.Извршителот наведе дека согласно членот 185 став 3 од ЗВП, наследниците дури и неморале да ја расправаат оставината за право кое го наследиле, кое произлегува од Законот за вонпарнична постапка кој тоа го предвидува за подвижните предмети, па така кога Законот предвидел дека за нив не мора да се спроведе оставина, туку тоа се спроведува само на барање на заинтересирани лица, предвидено според член 165 став 2 од ЗВП, па од тука ако тоа може да се однесува на

подвижни предмети, по аналогија важи и за вака стекнатите права на наследниците за побарувања утврдени на оставителот во пресуди.

Според Законот за наследување било предвидено дека законските наследници ги наследуваат и правата и обврските на оставителот во моментот на смртта на оставителот и аналогно од тоа произлегува дека тие права и обврски не мора да бидат децидно наведени, а кога веќе предходно наследниците од спроведена оставинска постапка се веќе познати, единствени и утврдени, односно прогласени за законски наследници со така донесеното оставинско решение.
Имено на активна страна како доверител без оглед дали има оставинско решение, можат да се јават сите можни наследници, односно оставината преминува на наследниците во моментот на смртта на оставителот, а за тоа како истата ќе се дели се води оставинска постапка и тоа е однос мегу наследниците, па со оставинското решение во конкретниов случај се јавени сите можни наследници кои сакаат да си го остварат ова право.
Барањето за извршување било поднесено од легитимни, единствени, законски наследници врз кои преминала оставината во моментот на смртта на оставителот и бил запазен рокот за поднесување на барањето пред извршител, пред да застари извршната исправа врз основа на спроведено оставинско решение со кое истите се прогласени, односно наследниците со поднесувањето на барањето пред извршител, дале до знаење со ваквото иницирање на ова процесно дејствие дека го побаруваат тоа право, а извршителот согласно член 185 став 1 и став 3 тоа му го овозможи почитувајќи ги одредбите кои погоре се спомнати, а почитувајќи го и член 5 став 2 од ЗИ. Дополнително бил расправана оставината за тоа побарување и биле утврдени наследниците, но тоа не значело дека тој наследник треба да поднесе ново барање, кога предходно пред извршителот се превземни процесни дејствија пред застарувањето од легитимните доверители-наследници, кои своето барање можат во секој момент да го допрецизираат, односно да располагаат со него.
Прогласените законски наследници го запазиле рокот за поднесување на извршната исправа пред извршител, пред истата да застари, а со дополнително донесеното решение само потоа се продолжиле понатамошните процесните дејствија на извршување од страна на извршителот и наследниците во секое време можат да бараат прецизирање на своето барање пред извршител, па во овој случај не може да стане збор за застарено барање и застарена извршна исправа. По приемот на дополнетото оставинско решение О.бр.181/14 од 14.02.2014 година на Нотар С.Код С, извршителот само го продолжил извршувањето и изготвил нов налог за извршување врз основа на чл.129 од ЗИ против солидарниот должник Б.Под с.Тимјаник Неготино и истиот уредно го доставил
до Фонд на ПИОМ.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 22.07.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај бр.УПП 09-249 од 12.05.2014 година од Министерство за Правда
2. Барање за извршување од доверители И.Д, Д.Д и С.Д од 31.10.2013 година до Извршител Ј.Ѓ
3. Пресуда П.П бр.3255/96 од 22.04.2003 година од Основен суд С 2 С
4. Решение О.бр.120/10,УДР.бр.60/10 од Нотар З.Аод 01.10.2010 година

5. Решение О.број 2486/09 ,УДР број 48/2009 од Нотар З.П од ден 24.07.2009 година
6. Налог по член 129 од ЗИ од 01.11.2013 година, И.бр.373/13 од Извршител Ј.Ѓ
7. Доставница пд налог И.бр.373/13 до Фонд на ПИОМ
8. Повратница од налог до Б.Под 07.11.2013 година
9. Известување по И.бр.373/13 до И Д, полномошник на Д Д и С Д( законски наследници на Б. Д), од Извршител Ј.Ѓод 16.01.2014 година
10. Известување по И.бр.373/13 до Б.Ппреку адвокат Б.Нод Извршител Ј.Ѓод 16.01.2014 година
11. Известување по И.бр.373/13 до Фонд за пензиско и инвалидско одигурување на РМ од Извршител Ј.Ѓод 16.01.2014 година
12. Повратница од Известување до Фонд на Пиом од 17.01.2014 година
13. Решение О.бр.181/14 Книга 1 УДР бр.10/14 од Нотар С.К.од 14.02.2014 година
14. Налог по член 129 од ЗИ од ден 17.02.2014 година, И.бр.373/13 од Извршител Ј.Ѓ
15. Доставница од налог до Фонд на Пиом од 21.02.2014 година
16. Повратница од налог до Б.П
17. Вирман
18. Решение ППНИ-221/14 од 18.03.2014 година од В.Д Претседателот на Одновен суд С2 С
19. Потврда П.бр.19100154467 од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија
20. Барање по член 41 став 1 од ЗИ, И.бр.373/13 од Извршител Ј.Ѓ од 31.10.2013 година
21. Одговор на предлог за поведување на дисциплинска постапка од 05.06.2014 година од Извршител Ј.Ѓ
22. Известување со Прецизирање од доверители Д.Д и С.Д од 17.02.2014 година
23. Исправка на налог по член 129 од ЗИ од 07.05.2014 година, и.бр.373/13 од Извршител Ј.Ѓ
24. Доставница од Исправка на налог до Фонд за ПИОМ од 03.06.2014 година
25. Дополнување на докази дадени кон Одговор на предлог за поведување на дисциплинска постпка од Извршител Ј.Ѓ од 25.06.2014 година
26. Решение ГЖ-3244/14 од 03.06.2014 година од Апелациониот суд во С.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот Ј.Ѓод С, на ден 31.10.2013 година примила барање за извршување поднесено од страна на доверителите С.Д, И Д и Д.Д, сите од С, како законски

наследници на лицето Б.Д од С, а засновано на извршна исправа - Пресуда П.бр.3255/96 од 22.04.2003 година на Основнот суд С 2 С, правосилна на 17.12.2003 година, а извршна на 13.02.2004 година. Барањето за извршување извршителот го завел под извршен број И.бр.373/13. Во прилог, кон барањето за извршување и извршната исправа, подносителите доставиле и Решение УДР.бр.60/10 од 01.10.2010 година донесено од страна на нотар З.А од Неготино, а со штембил за правосилнст од 25.10.2010 година, како и Решение УДР.бр. 48/2009 од 24.07.2004 година донесено од страна на нотар З.П од С, со штембил за правосилност од 25.10.2010 година.

Извршителот, по приемот на барањето за извршување на ден 31.10.2013 година писмено се обратила до ФОНД на ПИОМ - С со Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување (врз основа на член 41 став 1 од Законот за извршување), за тоа дали должникот Б.Под село Тимјаник - Неготино е корисник на пензија.

На ден 01.11.2013 година извршителот примил Потврда од ФОНД на ПИОМ РМ - С, со која се потврдува дека лицето Б.Под село Тимјаник - Неготино е корисник на семејна пензија.

По приемот на потврдата од ФОНД на ПИОМ на РМ - С, извршителот на ден 01.11.2013 година изготвил Налог за извршување врз основа на член 129 од Законот за извршување, со кој што определил забрана на 1/3 од пензијата што солидарниот должник Б.Под село Тимјаник - Неготино ја добива од ФОНД на ПИОМ. Видно од доставниците наведениот налог е доставен до ФОНД на ПИОМ и должникот.

Извршителот на ден 15.01.2014 година примил Известување со предлог за запирање на извршувањето од страна на полномошникот на должникот адвокат Б.Нод С, од причина што по конкретната извршна исправа по која постапува извршителот, доверителите немале спроведено оставинска постапка, со што ги ставало во позиција на немање на активна легитимација за поднесување на барањето за извршување.

По приемот на Известувањето со предлог за запирање на извршувањето, извршителот на ден 16.01.2014 година испратила Известување до ФОНД на ПИОМ на РМ - С за повлекување на Налогот за извршување И.бр.373/13 од 01.11.2013 година за солидарниот должник Б.Под село Тимјаник - Неготино, а паричните средства во износ од 3,090.00 денари симнати по овој налог од сметката на должникот, видно од налогот за пренос на средства од 23.01.2013 година, ги вратила на солидарниот дилжник.

На ден 16.01.2014 година извршителот изготвил Известување И.бр.373/13 со кое ги известува доверителите дека Налогот за извршување од пензија за солидарниот должник Б.Под село Тимјаник - Неготино заведен под И.бр.373/13 од 01.11.2013 година е повлечен од ФОНД на ПИОМ на РМ - С.

Извршителот доверителите ги упатил до надлежниот суд да го дополнат оставинското решение за конкретното побарување утврдено со правосилна извршна исправа и ги известил дека до тогаш извршителот немало да превзема други извршни дејствија по поднесеното барање за извршување како наследници на лицето наведено во извршната исправа.

Известување дека Налогот за извршување И.бр.373/13 од 01.11.2013 година е повлечен од ФОНД на ПИОМ на РМ - С од село Тимјаник - Неготино извршителот доставил и до полномошникот на солидарниот должник.

На ден 14.02.2014 година извршителот од страна на законските наследници, односно доверители, на оставителот Б.Дпримила оставинско Решение за дополнително

пронајден имот УДР.бр. 10/14 од 14.02.2014 година донесено од страна на нотар С.К.од С со штембил за правосилност од 14.02.2014 година.
По приемот на Решението УДР.бр.10/14 од 14.02.2014 година донесено од страна на нотарот С.К.од С за дополнително пронајден имот извршителот на ден 17.02.2014 година изготвил нов Налог за извршување врз основа на член 129 од Законот за извршување, со кој што определил забрана на 1/3 од пензијата што солидарниот Должник Б.Под село Тимјаник - Неготино ја примал од ФОНД на ПИОМ Налогот е доставен до ФОНД на ПИОМ и должникот.
Сметајќи дека извршителот сторил неправилности при извршувањето солидарниот должник Б.П од село Тимјаник - Неготино преку својот полномошник Б.Надвокат од С до надлежниот основен суд поднел приговор против Налогот за извршување И.бр.373/13 од 17.02.2014 година.
Постапувајќи по приговорот Претседателот на Основниот суд С 2 С на ден 18.03.2014 година донел Решение ППНИ бр.221/14 со кое приговорот го отфрлил како ненадлежен. По повод поднесена жалба од должникот, Апелациониот суд во С со Решение ГЖ.бр. 3244/14 од 03.06.2014 година ја одбил жалбата и го потврдил Решението ППНИ бр. 221/14 од 18.03.2014 година на ВД Претседателот на Основниот суд С 2 С.

Дисциплинската комисија при одлучување ги ценеше наводите дадени во одговорот на предлогот од страна на извршителот на околноста дека во моментот на поднесување на барањето за извршување законските наследници биле веќе претходно познати, единствени и утврдени со оставинско решение, како и наводите дека веќе во моментот на смртта на оставителот правата и обврските преминале на законските наследници а од друга страна дека со ова поднесување на барањето истите го запазиле рокот за навремено поднесување на барање за извршување и спречиле да настапи застареност на побарувањето, но истото не влијаеше за поинакво одлучување. Имено, видно од О.бр.2486/09, УДР 48/2009 од 24.07.2009 година со кое се огласени законксите налседници на оставината на оставителот Б.Дкој би бил доверител согласно извршната исправа П.бр. 3255/96 од 22.04.2009 година покрај прогласување на законските наследници на имотот на оставителот, покрај недвижен имот утврдени се и законски наследници и на права кои произлегуваат од соодветни договори за инвестрање и договори за купопродажба на куќа, како и други права заверени од надлежни нотари. Во тоа решение по кое се водел извршителот и ги прифатил наследниците како активно легитимирани да поднесат барање з аизвршување, не е наведено и правото од пресудата која била предмет на извршување. На основа на ова решение извршителот го донел Налогот И.бр. 373/13 од 01.11.2013 година и отпочнала со извршување. Точно е тоа дека извршителот не може да одбие барање за извршување и мора да го заведе во својата канеларија после што морала да утврди дали барањето е поднесено од овластени доверители.

Имено, видно од содржината на оставинското решение О.бр.2486/09, УПР бр. 48/2009 од 27.04.2007 година поделбата на имотот по дадени изјави на наследниците е извршен спогодбено и истите го утврдиле начинот на делбата на оставината на оставителот Б.Д. Сепак, извршителот иако немал решение за законските налседници на доверителот по извршната исправа предмет на извршување, отпочнал со извршување и како доверители ги прифатил сопругата и двата сина на оставителот

Б.Диако во тоа решение истите дале наследнички изјави за спогодбена делба и начин на делба на оставината согласно чл. 177 став 3 од ЗВП . Со оглед на наведеното, како и фактот дека предмет на наследување со ова решение не е правото утврдено со пресудата П.бр.3255/96 на Основен суд С 2 С, кое е предмет на извршување па извршителот не можел да ги прифати како легитимни доверители тројцата законски наследници на оставителот. Во прилог на ова е фактот што дополнително покасно со решение О.бр.181/14 на нотар С.Код 14.02.2014 година за законски наследник на правото од пресудата П.бр.3255/96 на ОС С 2 С на оставителот Б.Ддоверител според извршната исправа е огласен само И.Д од С, син на оставителот, што уште повеќе го потврдува фактот што извршителот не можел врз основа на првобитно донесеното решение да отпочне извршување и да спроведува извршување.

Дисциплинската комисија е на став дека извршителот превземал дејствија кои не се предвидени со Законот за извршување постапувајќи по предметот И.бр. 373/13 на начин што извршителот донел Налог за извршување спрема должникот кој бил делумно реализиран во момент кога доверителите немале оставинско решение со кое можеле да докажат дека правото од извршната исправа преминало врз нив. Дисциплинската комисија е на став дека иако законските наследници биле утврдени и со оставинско решение биле прогласени како единствени наследници извршителот постапил спротивно на закон кога прифатил дека правото утврдено во пресудата П.бр.3255/96 на Основен суд С 2 С преминало врз сите законски наследници од причина што за овој дел од оставината не било расправано и истите не дале наследнички изјави дали се прифаќаат за наследници на овој дел од оставината. Комисијата утврди видно од оставинското решение за дополнителното пронајдениот имот, дека само еден од тројцата законски наследници кои претходно поднеле барање кај извршителот, бил огласен за наследник на правото утврдено во пресуда П.бр.3255/96 од 22.04.2003 година на Основен суд С 2 С.

Според сето погоре наведено, произлегува дека извршителот ги сторил повредите кои му се ставаат на товар односно при извршувањето преземала дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон, имено извршителот спровел извршување по барање на доверители кои не биле овластени да го бараат тоа. Согласно наведеното, извршителот постапил спротивно на закон кога започнал со реализација на побарување од извршната исправа по барање на лица кои не биле означени како доверители во извршната исправа а врз кои се уште не било утврдено со исправа дека преминало побарувањето во смисла на чл.19 од ЗИ. Имено, побарувањето согласно чл.19 од ЗИ може да премине од доверителот на друго лице со генерална или сингуларна сукцесија. Генерална сукцесија настапува во случај на наследување, во таков случај преминот на наследувањето се докажува со правосилно решение за наследување а доверителот се стекнал на ден 14.02.2014 кога е правосилно решението за огласување на законски наследник И Д за законски наследник на правото од пресудата што значи во моментот на поднесување на барањето за извршување не постоела активна легитимација за поднесување на барањето за извршување на страна на доверителите. Дисциплинската комисија смета дека постапувајќи на ваков начин со превземените дејствија извршителот Ј.Ѓ од С го сторила битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда :“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување Дисциплинската комисија го огласи за виновен извршител Ј.Ѓод С за сторени повреди па со примена на правилата за вонредно ублажување на казната за истото му изрече парична казна.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се особено олеснителната околност дека претходно не е дисциплински казнуван како и фактот дека извршила поврат на првично наплатените средства од должникот, а како отежнителна околност тоа што извршителот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот бил должен да знае дека законските наследници морале да имаат оставинско решение со кое се прогласени за законски наследници на правото од извршната исправа со кое решение настанува преминот на побарувањето од извршната исправа врз наследниците за да можат да се стекнат со легитимација за да поднесат барање за извршување во смисла на чл. 19 од ЗИ, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Закон за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/0950/10, 83/10, 88/10 и 171/10,148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетата извршителка Ј.Ѓод С да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД С, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител J.Ѓод С
Архива